# ЈАВЕН ПОВИК

**за изразување на интерес за подготовка на торти за манифестацијата "Слатка мистерија 2020"**

Манифестацијата претставува натпревар и презентација на учесниците во правење и декорација на торти и можност на граѓаните да уживаат во креациите на аматерите и професионалциите од оваа дејност. Преку лицитација на тортите им се нуди на граѓаните да ја покажат својата хуманост, а собраните средства ќе бидат наменети во соодветни цели.

Учесниците ќе се натпреваруваат во две категории, и тоа:

- **Аматерска** – ќе учествуваат граѓани и граѓанки кои не се занимаваат професионално со изработка на торти
- **Професионална** – ќе земат учество слаткарници или ресторани кои се регистрирани за вршење на таа дејност.

Организатор на манифестацијата е Општина Бутел, а ќе се оддржи во **ресторанот Аликас на 06.03.2020 година**.

Сите заинтереирани кандидати треба да дојдат и **уредно да пополнат Пријава во Секторот за развој - ул. Ацо Шопов бр.2 (Урбана заедница Влае 1)**

Доколку има повеќе пријави од предвидениот број на кандидати, истите ќе се одберат по принципот прв дојден, прв услужен.

**Краен рок на пријавување: 20.02.2020 година (четврток)**

Сите одбрани кандидати од категоријата аматери ќе добијат соодветен надомест за изработка на тортата.

Лице за контакт: Маја Филипчева 071/350-388

Сектор за развој